Точка 4,
26-то Годишно Генерално Собрание на акционери,3 1/05/2016

Бр.0201-
31.05.2016
Врз основа на член 25 став 1 точка 3 и член 43 од Статутот на ОКТА и член 344 став 1 и 5 член 365 став 1 и член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговски друштва, како и предлог-Одлуката бр. 0202-2298/16-7 од 22.04.2016 година донесена од страна на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје, Годишното Генерално Собрание на акционери на ОКТА АД – Скопје на својот 26-ти состанок одржан на 31.05.2016 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за избор на членови на Одборот на директори

Член 1
Се констатира дека г-дин Николаос Скандалис, г-дин Иоаннис Розис и г-дин Виктор Папаконстантиноу , членови на Одборот на директори на ОКТА АД-Скопје, на ден 08.07.2015 година , поднесоа оставка до Претседавачот на Собранието на акционери на ОКТА.
Разгледувајќи го предлогот даден од мнозинскиот акционер ЕЛ.П.ЕТ Балканики С.А. за избор на членови на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје,

1. **Г-дин Евангелос Странис**
2. **Г-дин Константинос Мадемлис**
3. **Г-дин Даниил Антонопоулос**

се избираат за членови на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје, за мандатен период од 6 (шест) години почнувајќи од 31.05.2016 година.

Член 2
Според вообичаената пракса, за секој состанок ќе бидат платени патните трошоци и трошоците за сместување за неизвршните и независните членови на Одборот на директори. Ова продолжува да важи согласно претходната одлука.
Дополнително, неизвршните и неизвршните независни членови на Одборот на директори ќе примат надоместок еднаш годишно во нето износ од 5.000 (петилјади) евра, според искажаната желба на главниот акционер. Никаква друга компензација над тој износ нема да биде дадена.

Член 3
Се овластува Адвокатската канцеларија Кимова да поднесе соодветна пријава во трговскиот регистар.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Годишно Генерално Собрание на акционери
Претседавач,